**1. Какви се очекувањата на „Еуромакс“ за постапката што се води пред судовите?**

Современиот рударски комплекс Иловица-Штука е пред се целосно безбеден, еколошки, мега-инвестициски проект со огромни придобивки за економијата, растот на БДП, подобрувањето на структурата на трговскиот дефицит, како и обезбедување дополнителни буџетски средства и креирање голем број работни места. Во период од две години од изградбата, ќе се инвестираат 350 милиони евра и ќе се создадат приближно 3200 нови работни места, а во текот на работењето, секоја година ќе се плаќаат околу 75 милиони евра на домашни компании и приближно 25 милиони евра во државниот буџет. Дополнително, над 3 милиони евра годишно, директно ќе се уплаќаат во буџетите на општините Босилово и Ново Село. Со просечен извоз од над 200 милиони евра годишно, оваа инвестиција ќе биде меѓу првите три најголеми извозни компании во земјава и ќе придонесе за зголемување на БДП со приближно 4% на национално ниво. Токму овие поволности беа причина за склучување концесиски договор, кој претставува двостран акт, во кој државата, како концедент, и инвеститорот, како концесионер, заеднички ги уредуваат своите взаемни права и обврски.

Нашата компанија постојано гради искрен и партнерски однос со Владата на РСМ, и во тој дух, за сите административни и други спорови, побара легитимна правна заштита од надлежните судски инстанци. Почитувајќи го правниот систем, очекуваме да се водат фер и правични постапки пред надлежните судови, што овозможува предвидлив и сигурен амбиент за сите инвеститори во државата. Очекуваме дека судските инстанци внимателно ќе ги разгледаат сите докази и ќе донесат објективни и непристрасни одлуки базирани исклучиво на факти, а дека засегнатите институции брзо и ефикасно ќе ги спроведат судските одлуки.

По тој повод, г-динот Тим Морган – Вејн, Извршниот Претседавач на Бордот на Еуромакс Ресоурцес, изјави: *„Охрабрени сме од фактот што Управниот суд го врати правниот статус на концесијата Иловица 6, и се надеваме на конструктивна и прогресивна соработка со сите релевантни засегнати страни во следните чекори што следат.“*

https://www.euromaxresources.com/wp-content/uploads/2023/05/Euromax-announces-legal-decision-FINAL.pdf

**2. Како евентуална негативна одлука може да влијае на инвестициските планови?**

Не би сакале да прејудицираме ниту една одлука. Правосудните органи се независни и веруваме дека носат одлуки кои се засновани на докази, со строго почитување на сите законски начела, домашни и меѓународни.

Но, должни сме да укажеме дека евентуалното неисполнување на преземените обврски од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – бакар и злато „Иловица 6“, носи значителен ризик од меѓународна арбитража, која државата може да ја чини повеќе од милијарда евра по основ на штети. Самиот чин на евентуално покренување на ваков високо профилен арбитражен спор, ќе привлече големо внимание и гласно ќе одекне во деловните и финансиските кругови во Европа и светот, што неизбежно би нанело штета на имиџот на Република Северна Македонија, ставајќи ја во категоријата на несигурни и ризични дестинации за големите странски инвеститори.

**3. Каков ставот на компанијата за загриженостите што ги имаат активистите од „Здрава котлина“, кои се противат на изградбата на рундикот?**

Нашата компанија е успешен глобален бренд, кој котира на Торонто Берзата, со докажана посветеност на највисока општествена одговорност. Затоа учествуваме во процесот на развој на меѓународно признатиот стандард за одговорно рударство – „IRMA – Initiative for Responsible Mining Assurance“, чија цел е унапредување на социјалните и еколошките перформанси на современите рудници на глобално ниво.

Оттаму, ја разбираме загриженоста на локалното население, и нашите стручни тимови постојано работат на унапредување на целиот проект: ја подобруваме проектната документација и вклучуваме нови технологии кои гарантираат најсовремени стандарди за одговорно рударство. Ги имплементираме најсовремените решенија за ефикасно справување со климатските промени, намалување на емисиите на штетните гасови, обезбедување чиста вода и здрава животна средина, а притоа создаваме значителен економски напредок и голем број високо платени работни места.

Еуромакс Ресоурцес постојано се залага за широка транспарентност, конструктивен дијалог и соработка со сите чинители, и веруваме дека непосредното вклучување на сите засегнати страни е клучно за да го изградиме и долгорочно оперираме современиот рударски комплекс Иловица-Штука. Убедени сме дека оваа стратешка инвестиција може да биде „win-win“ – капитален проект од взаемен интерес на инвеститорите, граѓаните и државата во целина. Во таа насока е и нашиот предлог да се формира независно мониторинг тело, составено од сите заинтересирани страни, за непосредно следење на целиот процес: од развојот, до отворањето на стратешката инвестиција.

**4. Каква е поврзаноста на „Еуромакс“ со „НД Груп“ и г. Али Везваеи, колкав дел од акциите поседува оваа компанија?**

Согласно регулативата на берзанското работење и добрата корпоративна пракса, на значајните инвеститори им следува право да назначат свои членови во Бордот на директори, преку кои се спроведува независна контрола на работењето на друштвото во кое инвестирале.

Во јануари 2023 година, беше јавно објавено за успешното спроведување на трансакција на Торонто Берзата, каде котира нашата компанија, согласно која, НД Групацијата стана нов инвеститор во Еуромакс Ресоурцес ЛТД. Следствено, Еуромакс Ресоурцес ЛТД, во февруари годинава, објави дека г-динот Али Везваеи е професионално назначен за член на Бордот на директори на позицијата Неизвршен Директор, по предлог на новиот инвеститор, НД Групацијата, согласно правата на инвеститорот објаснети погоре.

https://www.euromaxresources.com/wp-content/uploads/2023/02/Euromax-announces-appointment-of-Ali-Vezvaei-as-director-FINAL.pdf

5. **Дали се точни информациите дека оваа компанија купила акции во вредност од 3 милиони американски долари, со можност да инвестира уште 10 милиони канадски долари ако се добие дозвола за експлоатација и се одобри спојување на концесиите?**

Еуромакс Ресоурцес ЛТД уште во јануари годинава ја сподели со јавноста информацијата објавена и на Торонто Берзата (TSX) дека на 24 јануари 2023 успешно се завршени преговорите со новиот инвеститор, НД Групацијата, која што заедно со Трафигура Групацијата ја потврдија стратешката определба да продолжат заедно со другите акционери со финансирање на развојот на мега-инвестицискиот Проект Иловица – Штука. Како дел од трансакцијата, обезбедени се дополнителни 3 милиони УС долари за финансирање на оперативните активности на Еуромакс Ресоурцес.

По тој повод Извршниот Претседавач на Бордот на Еуромакс Ресоурцес, г-динот Тим Морган – Вејн изјави: *„Ние сме среќни што можеме да им посакаме добредојде на НД Групацијата како наш нов деловен партнер заедно со Трафигура Групацијата и другите акционери. НД Групацијата има потврдено богато искуство инвестирајќи во големи проекти низ Југоисточна Европа како и во Република Северна Македонија. Нивната одлука да се приклучат во нашиот тим ќе претставува голема и значајна придобивка за развојот на нашиот Проект за рударски комплекс Иловица-Штука, со што Република Северна Македонија, како иден производител на значајни количини на бакар, ќе придонесе за процесот на декарбонизација на Европската економија.“*

Како што беше и објавено, покрај издадените акции, на НД Групацијата и се доделени права за купување на дополнителни акции во наредниот период под одредени услови. Ова е регуларна пракса на Еуромакс Ресоурцес ЛТД при склучување на вакви договори со инвеститорите се со цел да го зголеми интересот за инвестирање во компанијата. Целата трансакција, како и сите други претходно реализирани, се одобруваат од страна на канадските регулатори.

https://www.euromaxresources.com/wp-content/uploads/2023/01/EOX-Private-Placement-Press-Release-Announcing-ClosingCAN_DMS_149783120.1.pdf

6. **Зошто за „Еуромакс“ е важно да се одобри спојување на концесиите, и, дали компанијата очекува да добие дозвола за експлоатација?**

Двете концесии кои се доделени на инвеститорот се соседни, односно концесијата „Иловица 11“ ја заокружува првододелената концесија „Иловица 6“. Оттаму, само во случај на нивно спојување како еден правен ентитет, може технички да се развива локацијата, и да се изгради предвидената инвестиција, во која ќе бидат вклучени сите неопходни делови за нејзино непречено работење. Во спротивно, нема да има можност да се сместат сите неоходни капацитети за редовното работење на двата рудници, бидејќи без спојување, ќе треба да се отворат два рудника на секоја поединечна концесија за едно наоѓалиште, што технични е невозможно да се реализира. Токму затоа, правото на спојување на концесиите е гарантирано согласно Законот за минерални сурови, и сите дефинирани законски услови се исполнети од страна на инвеститорот, што е и потврдено и од страна на државните институции.

По одобрувањето на споената концесија, правно треба да се регулира новата споена концесија, по што ќе следи процес на поднесување на барање за добивање на дозвола за експлоатација на новата споена концесија.